# ЕВАЛУАЦИЈА

## БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НИЗ ПРИЗМА НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# ЕВАЛУАЦИЈА

## „Безбедноста во сообраќајот низ призма на средношколците“

**ИЗДАВАЧ:**

Здружение на Граѓани Еко Логик
Ул: Бранислав Нушиќ бр.13-1/17, 1000 Скопје

**Фејсбук страна:**

https://www.facebook.com/EcoLogic.mk/

https://www.facebook.com/schoolforsustainabledevelopmentmk/

**Електронска пошта:**
ecologic.mk@gmail.com

**Телефон:**
+ 389 78 365 902
+ 389 2 5112 716

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Никола Нешкоски

**АВТОР (И):**
Андријана Зафировска
Никола Нешкоски

**ДИЗАЈН:**
Александар Тодов

**ЛЕКТУРА:**
Марија Нешкоска

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Содржина


- Вовед ........ 4
- Основни информации ........ 5 - 6
- Безбедносна инфраструктура во вашето соседство ........ 6 - 7
- Безбедносна/велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште ........ 7 - 9
- Зголемување на свесноста за употреба на велосипед ........ 9 - 10
- Резиме ........ 11

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД РЕАЛИЗИРАНА АНКЕТА
## “Безбедноста во сообраќајот низ призма на средношколците“

Здружението на Граѓани Еко Логик, во рамки на проектот насловен “Влог реализација за вело едукација“ поддржан од Град Скопје, спроведе прашалник кој има за цел да ни го претстави мислењето на средношколците на ниво на Град Скопје за користењето на велосипедот како алтернативно превозно средство, нивните предизвици со кои се соочуваат во секојдневието при возењето на велосипед, како и инфраструктурата во нивните училишта.

Квалитетна и здрава животна околина е еден од основните предуслови за квалитетен живот. Чистиот воздух е една од главните компоненти, кој за жал, историски гледано во државата и во последните децении, бележи високи вредности. Согласно сите анализи и наоди, потребно е зголемување на свесноста за користење на алтернативен сообраќај, како чекор кон градење на одржлив град, но притоа и овозможување соодветни услови за истото.

Одговорите на анкетираните средношколци даваат одредена слика која ќе биде проследена до релевантните засегнати страни.

Прашањата беа поделени во 4 секции, односно:

- Основни информации;
- Безбедносна инфраструктура во вашето соседство;
- Безбедносна/ велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште;
- Зголемување на свесноста за употреба на велосипед.

Во анкетата беа опфатени 228 ученици.

Заклучоците кои произлегоа се наведени во продолжение на оваа анализа.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# I - Основни информации

Одговорите кои ни пристигнаа опфатија **повеќе општини** во главниот град меѓу кои:

| | |
|---|---|
| Општина Ѓорче Петров | Општина Шуто Оризари |
| Општина Центар | Општина Карпош |
| Општина Аеродром | Општина Чаир |
| Општина Кисела Вода | Општина Бутел |
| Општина Гази Баба | Општина Студеничани |
| Општина Зелениково | Општина Сопиште |
| Општина Чучер Сандево | Општина Илинден |

Приказ бр.1

- Најголем број одговори добиени се од ученици кои имаат 15 и 17 години. 41% од анкетираните се девојчиња, и 59 % се момчиња.
- На прашањето колку често во текот на неделата практикуваат возење велосипед, 52.6 % одговорија дека ретко практикуваат велосипед, додека 33.3 % често возат велосипед.




Приказ бр.2

- Следниот графикон ја прикажува мотивацијата за возење на велосипед на средношколците на ниво на Град Скопје. 52.6 % користат велосипед како алтернативно превозно средство бидејќи на тој начин се зголемува и подобрува

нивната енергија; 41.7 % бидејќи претставува друштвена и семејна активност; 36.8 % ги ослободува од стресот.




Приказ бр.3

- Анкетираните ученици најмногу, односно 65.8 % практикуваа рекреативен велосипедизам, а најмалку, односно 17.1 %, практикуваа планински.




Приказ бр.4

## II- Безбедносна инфраструктура во вашето соседство

Во однос на условите за возење велосипед во непосредното живеење, односно во соседството, одговорот е дека условите не се добри и постои голем простор за подобрување.

Поконкретно, одговорите кои ги дадоа учениците се следни:

- Нема доволно велосипедски патеки, а возачите на автомобили се некоректни;
- Делумно небезбедни, нема велосипедски патеки, а на тротоарите се паркирани автомобили.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

- Условите се или многу мали, или сосема непостоечки, особено заради недостигот на велосипедски патеки;
- Премногу пешаци кој се движат по патеките за велосипед;
- Во маалото возењето е подобро, но во непосредна близина се главните улици и таму возењето е потешко;
- Нема велосипедски патеки и тоа претставува голема пречка;
- Не се добри, бидејќи тротоарите се почнати да се прават, но не се доправени. Исто и улиците не се многу добри за возење на велосипеди;
- Улиците се доволно широки за да можам да возам велосипед, но ризикот е голем бидејќи при возењето се разминувам со голем број на автомобили, затоа мислам дека добра идеа би била да се направат велосипедски патеки за да можам јас, а и другите луѓте да возат велосипед безбедно;
- Нема услови за возење на велосипед затоа што на секоја улица има паркирано автомобили, а исто така автомобилите возат со голема брзина;
- Прилично по улички се вози, а доколку се движиме градски, единствено е по Партизанска, кеј, а никако од страната на Теодосиј Гологанов;
- Во Аеродром ја имаме велосипедската патека на кејот на реката Вардар, и дополнително, покрај секој булевар е обележана соодветна патека за велосипед.

Дополнителни пречки/предизвици со кои се соочуваат се лошо осветлување, неквалитетно поставени патеки, голем интезитет на сообраќај, но сепак доминира со 51.8 % непрописно паркирани автомобили. На графичкиот приказ може да видите и подетално:




Приказ бр.5

На прашањето дали општината во која живеат има најавено подобрување на постоечка и/или креирање на нова велосипедска инфраструктура, најголем дел одговорија дека не се информирани, помал дел наведоа дека општините во кои живеат имаат најавено подобрување, а сосема мал процент одговорија дека имаат најавено и дел од нив остварено.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# III-Безбедносна/велосипедска инфраструктура од вашиот дом до училиштето и во вашето училиште

Согласно добиените резултати, средношколците најмногу користат јавен превоз (74,6 %), а многу мал дел односно 6,6 % користат велосипед.




Приказ бр.6

Оние ученици кои возат велосипед, на патот од дома до училиште, најголем дел од нив се соочуваат со немање велосипедски патеки, или пак најчесто ги има на главните улици/ булевари, но и тие најчесто се окупирани со возила, контејнери, не се безбедни и учениците стравуваат кога поминуваат по нив.

На прашањето колку велосипедски патеки постојат во самиот двор на училиштето, најголем од анкетираните одговорија дека има од 1 до 3 паркинзи, што претставува позитивен факт. Исто така, најголем дел од одговорите беа дека паркинзите се сосема функционални, и незначителен дел споделија дека делумно се функционални.




Приказ бр.7

Т.н средства за смирување на сообраќајот имаат позитивен резулатат со самото поставување, но колку од нив постојат  и колку се почитуваат од домот до нивното училиште?

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

Најголем дел од одговорите беа дека најмногу има пешачки премини, но нема доволно легната сигнализација. Но, исто така сметаат дека човечката регулација може да помогне најмногу за безбедноста во собраќаот.

## IV-Зголемување на свесноста за употреба на велосипед

Во последниот период, видливо е зголема употреба на велосипедот како алтернативно превозно средство. Но сепак, потребно е уште да се работи на подигнување на свесноста за негова употреба. Меѓутоа, кој е најсоодветниот начин за постигнување на истото?

Сосема очекувано, средношколците најмногу сметаа дека ефектот ќе биде постигнат преку интернет, односно социјални медиуми, а потоа сосема блиски одговорите се дека тоа би било овозможено преку користење на едукативни дидактички материјали и практични примери.




Приказ бр.8

Средношколците дадоа и дополнителни предлози, доста иновативни идеи во однос на горенаведените прашања. Дел од нив ги споделуваме во продолжение:

| | |
|---|---|
| Организирање на одреден дел на ученици кој се заинтересирани да доаѓаат со велосипед, да се прави рута од училиштето до центарот на градот и назад. | Општините да се ангажираат со реновирање и изградба на велосипедски патеки со цел безбедно движење на велосепидистите низ градот. |
| Може, наместо еден ден да направиме цел месец да биде посветен на велосипедот (јавниот превоз секако ќе работи). Со ова, луѓето ќе практикуваат повеќе да возат велосипед и може и на некои од нив да им стане навика. | Мое мислење е најубаво преку практични примери со физичко присуство и интересни средби поврзани со велосипед, тоа би ме привлекло мене и многу други луѓе. |

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

| | |
|---|---|
| Обезбедување на велосипеди и безбедност во сообраќајот. | Разговори со ученици, интервјуа, подкасти, настани каде се организираат учениците да возат заедно велосипед. |
| На почетната страна на Google за сите електронски уреди да има рекламација. | По можност да се одржуваат семинари на оваа тема и да ги вклучува сите основни, средни училишта, и исто така и факултетите. |
| Јас предлагам да се спои велосипедската патека покрај реката Вардар од населбата Сарај преку Ѓорче Петров па се до населбата Аеродром. Значи, предлагам да се направи останатиот мал дел од патеката во Хром. Со ова би се мотивирале луѓето од населбите од западниот дел на градот да го користат велосипедот како превозно сретство и би им се овозможиле услови безбедно да возат велосипед. | Одржување на маратон со велосипеди, и како стимул за тоа, доделување на ваучери со парична вредност со цел финансиска помош за велосипедистите.<br><br>Со акции за чиста природа, со групирање и споделување информации за подобри услови за живот. |

Приказ бр.9

# Резиме

Основната потреба, како и тенденција на модерните општества и модерните образовни системи, подразбираат креирање на свесни генерации кои ќе бидат во можност да направат позитивни промени, и кон самите себе, и кон одржливиот развој на општествата во кои живеат. Тргнувајќи од личните потреби на младите луѓе, акцентирајќи го Скопје, може да се забележи дека кај нив има одредено познавање и практикување на возење велосипед. Но, во време кога главниот град станува еден од најзагадените градови во Европа, се чини како да недостига поддршка или пак мотивирање во одредена насока за потикнување на поголема застапеност.

Анкетата која беше реализирана го потврдува горекажаното. Најголема мотивација за возење на велосипед за средношколците е поради зголемување на енергијата, како и поради фактот што претставува друштвена активност. Најмногу практикуваат рекреативен велосипедизам, а најмалку планински. Меѓутоа, покрај нивната мотивација и желба, постојано се соочуваат со предизвици и пречки во сообраќајот во нивната непосредна околина. Голем интезитет на сообраќај, лошо осветлување, немање велосипедски патеки или патеки кои се попречени од возила, несовесни возачи и пешаци се дел од проблемите кои секојдневно им се случуваат. За жал, многу мал број од анкетираните, користат велосипед од дома до училиште. Оние што практикуваат, споделија дека на патот до училиште речиси и да нема велосипедски патеки, или генерално се поставени на главните улици и булевари. Позитивен факт е дека во најголем дел од училиштата имаат паркинзи за велосипеди, и истите се функционални.

Средношколците не само што ја разбираат потребата за зголемување на свесноста за употреба на велосипед (како за лични придобивки, така и за пошироката заедница/околина), но истовремено имаат иновативни идеи и чекори за остварување на истото. Сметаат дека ефектот ќе биде постигнат преку интернет, односно, социјални медиуми, а потоа одговорите се дека тоа би било овозможено преку користење на едукативни дидактички материјали и практични примери.

Потребно е инволвираност од сите засегнати страни за Скопје да стане посакуваниот вело град во иднина.

Здружение на Граѓани
ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13 -1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# ЕВАЛУАЦИЈА

БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НИЗ ПРИЗМА НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ